АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ
СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО
ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE
E MENAXHIMIT
TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр. Nr. 05-703/16
26-04-2024
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(24/19) член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-703/9 од 15.04.2024 г.,Извештај за текот на е-аукцијата за Набавка на електрична енергија бр.05-703/14 од 23.04.2024 година одржана на ден 22.04.2024 година и Извештај од спроведена постапка бр.05-703/15 од 23.04.2024 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**05985/2024** , Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Набавка на електрична енергија**

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-703/9 од 15.04.2024 г., Извештај за текот на е-аукцијата за Набавка на електрична енергија бр.05-703/14 од 23.04.2024 одржана на ден 22.04.2024 година и Извештај од спроведена постапка бр.05-703/15 од 23.04.2024 година од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-703/3 од 06.03.2024 година со примена на поедноставена отворена постапка Договорот за набавка на електрична енергија се доделува на:

**Друштво за трговија и услуги**

**ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје**

**Ул„Столтенбергова„ бр.4,зграда 1/Б51 1-кат СУ бр.4 Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација.

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **5 (пет) дена** од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

Генерален директор
Sheval Ceku

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Индира Дрпљанин

контролирал: Анета Тодоровска

одобрил: Аријана Раман Пом директор за финансии

Кирил Ѓоргов Пом директор за деловен простор